**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

# ПРАВИЛНИК
**за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот**

**Скопје**
**Февруари 2016 година**

Согласно член 31 став 2 точка 28-ж и 29 и член 42 од Изборниот законик (Сл. Весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/2011, 51/11,54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15), а по претходно добиена согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија, Државната изборна комисија на седницата одржана на ___________ година, усвои

**ПРАВИЛНИК**

**за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот**

## ВОВЕД

**Член 1**

**(1)** Со овој Правилник се уредува начинот на вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот, односно запишување, дополнување/промена или бришење на податоците на граѓаните во Избирачкиот список и начинот за спроведување теренска проверка заради негово ажурирање.

**Член 2**

**Лица опфатени во Избирачкиот список**

**(1)** Во Избирачкиот список се запишуваат сите деловно способни граѓани со наполнети 18 години живот кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија, а кои имаат важечка лична карта или патна исправа и

**(2)** Во Избирачкиот список се запишуваат и сите државјани на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, со живеалиште на територијата на Република Македонија и со важечка патна исправа. Овие лица се запишуваат според нивното последно живеалиште во Република Македонија пред заминување во странство.

**Член 3**

**Содржина на Избирачкиот список**

**(1)** Избирачкиот список ги содржи следниве податоци: единствен матичен број на граѓаните (ЕМБГ), презиме, име на еден од родителите и име, пол, лична фотографија (во формат како на лична карта или патна исправа), адреса на живеење (општина, населено место, улица, куќен број, влез и стан), датум на запишување и бришење и датум и вид на дополнување на податоците.

**(2)** Личните податоци на граѓаните во Избирачкиот список се запишуваат на јазиците и писмата на кои се водат податоците во изворните евиденции, во согласност со закон.

**АЖУРИРАЊЕ**

**Член 4**

**(1)** Под ажурирање се подразбира внесување на секоја настаната промена во делот на податоците на граѓаните содржани во Избирачкиот список.
**(2)** Ажурирањето опфаќа: запишување, дополнување и бришење на податоци во Избирачкиот список.

**(3)** Ажурирањето го врши Државната изборна комисија
- по службена должност врз основа на податоци од матичните книги, евиденцијата за живеалиште и за државјанство на Република Македонија, други службени евиденции и со непосредно проверување,
- по барање на граѓани, а врз основа на лична карта и патна исправа и
- по барање на политички партии врши бришење на починато лице или лице кое по било кој основ го загубило избирачкото право со доставување на податоци за починатото лице или лицето кое го загубило избирачкото право, врз основа на претходна проверка во податоците од матичните книги, евиденцијата за живеалиште и за државјанство на Република Македонија, други службени евиденции и со непосредно проверување.

## 1. Ажурирање по службена должност

**Член 5**

**(1)** Ажурирањето по службена должност се врши врз основа на податоци од матичните книги, евиденцијата за живеалиште и за државјанство на Република Македонија, други службени евиденции и со непосредно проверување.

**Член 6**

**Учесници во ажурирањето**
**(1)** Надлежни органи кои до Државната изборна комисија доставуваат податоци потребни за ажурирање на Избирачкиот список по службена должност се:
- Министерството за внатрешни работи,
- Министерство за правда – Управа за водење на матични книги,
- Основни судови,
- Министерство за правда – Управа за извршување на санкции
- Министерство за труд и социјална политика.
-

**Член 7**

**(1)** Во функција на ажурирање на Избирачкиот список, Државната изборна коисија има пристап до базите на податоци на државните органи што располагаат со регистри на граѓани по различни основи.

**(2)** Секој член на Државната изборна комисија, заради утврдување на недоследности во податоците на Избирачкиот список и проверка на неговата веродостојност, има право да побара од Државната изборна комисија да ја овласти правната служба да изврши увид во евиденцијата на МВР за издавање на биометриски исправи, како и во базите на

податоци и евиденции на граѓани на други државни органи и институции, во постапка утврдена со законски, односно подзаконски акт и во рок од 5 работни дена да добие писмено известување од истата за извршените проверки.

**Член 8**

**а) Министерство за внатрешни работи**

**(1)** Министерството за внатрешни работи четири пати годишно, од 01-10 февруари, од 01-10 мај, од 01 – 10 септември и од 01-10 декември на магнетен медиум со задолжително посочување на ЕМБГ на граѓаните до Државната изборна комисија доставува податоци за граѓаните:

- со наполнети 18 години живот кои имаат важечка лична карта или патна исправа,
- со наполнети 18 години живот кои починале,
- со наполнети 18 години живот кои се доселиле или отселиле од определена општина или ја промениле адресата на живеење во општината.
- со наполнети 18 години живот кои го промениле името или презимето,
- со наполнети 18 години живот кои стекнале или го изгубиле државјанството на Република Македонија,
- со наполнети 18 години живот кои се на привремена работа или престој во странство.

**Член 9**

**(1)** Министерството за внатрешни работи, покрај податоците од член 8 од овој Правилник, доставува до Државната изборна комисија четири пати годишно извештај за новоиздадени биометриски лични карти и патни исправи, основот за издадените лични карти и патни испрви, систематизирани по име и презиме и општини.

**(2)** Во податоците кои ги Доставува Министерството за внатрешни работи треба да се внесени сите настанати промени во податоците на граѓаните помеѓу редовните законски ажурирања по службена должност.

**Член 10**

**(1)** По добивањето на податоците од страна на Министесртвото за внатрешни работи, Државната изборна комисија спроведува организациони-техничка и методолошка обработка на истите и согласно податоците на граѓаите од член 8 и 9 од овој Правилник, автоматски ги определува нивните најблиски избирачки места.

**Член 11**

**(1)**По спроведената организационо-техничка и методолошка обработка на податоците од Министерството за внатрешни работи, Државната изборна комисија врши анализа на :

- избирачи на кои поради адресниот податок не може автоматски да им се определи избирачко место – нераспределени избирачи,
- избирачи кои живеат на улици со краци,
- несоодветни куќни броеви,
- избирачи чии претходно спроведени промени не се совпаѓаат со промените добиени од Министерството за внатрешни работи и
- шифрирање на врска – улица.

**Член 12**

**(1)** Избирачите на кои по спроведената организационо-техничка и методолошка обработка на податоците не може автоматски да им се определи избирачко место во Избирачкиот список, се печатат на посебни списоци на нераспоредени избирачи, избирачи кои живеат на улици со краци и несоодветни куќни броеви по општини.
Овие списоци содржат:

- ЕМБГ
- презиме, име на еден од родителите и име,
- општина,
- населено место,
- улица и број,
- графа за број на избирачко место кое е празно и
- забелешка

**Член 13**

**(1)** Списоците од член 12 од овој Правилник се доставуваат до подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија.

**(2)** Подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија вршат проверки на адресните податоци на граѓаните наведени во списокот во подрачните организациони единици на Министерството за внатрешни работи надлежни за издавање на лични карти, како и проверки на терен заради утврдување на точната адреса на граѓаните.

**(3)** Врз основа на спроведените проверки на граѓаните наведени во списокот, подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија им утврдуваат распоред по избирачки места согласно утврдените дефиниции – описи на избирачките места. При тоа, доколку има потреба од проширување на одредени дефиниции на избирачки места со додавање на новоотворени улици или куќни броеви или промени на називи на улици, подрачните одделенија и канцеларии доставуваат предлози за нивно проширување или менување.

**(4)** Вака обработените списоци, подрачните одделенија и канцеларии ги доставуваат до Државната изборна комисија – Сектор за избирачки список на понатамошна контрола и обработка.

**Член 14**

Ажурирањето на податоците во Избирачкиот список по службена должност се спроведува врз основа на службени евиденции, без донесување на решенија.

**Член 15**

**б) Министерство за правда – Управа за водење на матични книги**
**(1)** Подрачните организациони единици (одделенија и месни канцеларии) на Управата за водење на матични книги по службена должност, според месна надлежност, до

подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија тековно доставуваат извештаи за смрт.

**(2)** По добивањето на извештајот за смрт, подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија на посебен образец ( ИС. 2 ) ги доставуваат податоците за починатите лица до Секторот за избирачки список, - заради нивно бришење од Избирачкиот список.

**(3)** Бришењето на лицата од Избирачкиот список по основ на смрт по службена должност се спроведува без донесување на решение.

**Член 16**

**в) Основни судови**

**(1)** При секое редовно ажурирање на Избирачкиот список – четири пати годишно, основните судови до Државната изборна комисја доставуваат решенија/податоци за лица на кои со правосилно судско решение им е одземена или вратена деловната способност во периодот помеѓу две редовни ажурирања на Избирачкиот список по службена должност.

**(2)** Врз основа на овие податоци – решенија, Секторот за избирачки список ги брише лицата на кои им е одземена деловната способност, односно ги запишува во Избирачкиот список оние лица на кои со решение им е вратена деловната способност.

**(3)** Ова ажурирање на податоците во Избирачкиот список по службена должност се спроведува врз основа на судските решенија, без донесување на решенија од страна на Државната изборна комисија.

**Член 17**

**ѓ) Подрачни одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија**

**(1)** Подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија, податоците за ажурирање на Избирачкиот список добиени по службена должност - ги доставуваат до Секторот за избирачки список на образец ИС. 2 .

**Член 18**

**(1) Образец ИС. 2** е преглед/список на граѓани за кои е донесено решение за бришење од Избирачкиот список и ги содржи следните белези:

- презиме, име на еден родител и име,
- ЕМБГ,
- пол,
- адреса на живеење,
- посочување на причината за бришење и
- вид и број на документот врз основа на кој е извршено бришењето.

Причини за бришење се: смрт, отпуст од државјанство и одземена деловна способност.

## 2. Ажурирање по барање на граѓани

**Член 19**

**(1)** Граѓаните имаат право да извршат увид во Избирачкиот список во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија или преку интернет во текот на цела година. Ако при увидот во Избирачкиот список граѓанинот утврди дека не е запишан во Избирачкиот список или се утврди дека треба да се изврши дополнување или бришење на податоците има право до подрачното одделение или канцеларија на Државната изборна комисија да поднесе барање за запишување, дополнување или бришење на податоците на посебен образец со приложување на соодветна документација :
- за запишување во Избирачкиот список - важечка лична карта или патна исправа,
- за промена на податоците во Избирачкиот список - важечка лична карта или патна исправа,
- за бришење на податоци од Избирачкиот список – извештај за смрт или извод од матична книга на умрени, правосилно судско решение за одземена деловна способност,
- решение за отпуст од македонско државјанство издадено од МВР.

**(2)** Барањата се поднесуваат во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија според место на живеење.

**(3)** Барање за бришење од Избирачкиот список може да поднесе близок член на семејството.

**(4)** Државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, ако при увидот во ДКП односно конзуларните канцеларии утврдат дека тој или друг граѓанин не е запишан во Избирачкиот список или се утврди дека треба да се изврши запишување, дополнување или бришење на податоците, барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците со кое се приложува и соодветна документација се доставуваат по електронска пошта преку ДКП, односно конзуларните канцеларии до Државната изборна комисија или директно до Државната изборна комисија.

**Член 20**

**а) Барање за запишување во Избирачкиот список**

**(1)** Барањето за запишување во Избирачкиот список се поднесува лично на посебен образец до Државната изборна комисија или до соодветно подрачно одделение или канцеларија на Државната изборна комисија според местото на живеење на подносителот на барањето.

**Член 21**

**(1)** Граѓаните кои живеат во Република Македонија кон барањето за запишување поднесуваат на увид важечка лична карта или важечка патна исправа.

**Член 22**

**(1)** Граѓаните кои се на привремена работа или престој во странство барањето за запишување во Избирачкиот список го доставуваат по електронска пошта преку ДКП, односно конзуларните канцеларии до Државната изборна комисија или директно до Државната изборна комисија со приложување на оригинални документи или копии заверени на нотар.

**(2)** Кон барањето приложуваат доказ дека се на привремена работа или престој во странство и важечка патна исправа. Овие лица се запишуваат според адресата на живеење во Република Македонија заведена во важечката патна исправа.

**Член 23**

**(1)** Државната изборна комисија, односно подрачното одделение или канцеларија на Државната изборна комисија до која е поднесено барањето во рок од три дена од приемот на истото ќе ја провери точноста на податоците и приложените документи и ако утврди дека барањето е основано врз основа на веродостојна документација ќе донесе решение за запишување на барателот во Избирачкиот список.

**(2)** Решението со доставница се врачува на подносителот на барањето.

**(3)** По правосилноста на донесеното решение, подрачното одделение или канцеларија на Државната изборна комисија до која е поднесено барањето, податоците за запишување ги доставува на Секторот за избирачки список на Образец ИС-1, за нивно запишување во Избирачкиот список.

**(4)** Образец ИС. 1 е преглед/список на граѓани за кои е донесено решение за запишување во Избирачкиот список и ги содржи следните белези:

- презиме, име на еден родител и име,
- ЕМБГ,
- пол,
- адреса на живеење,
- посочување на податокот за лична карта или патна исправа и датум на издавање,
- избирачко место и
- вид и број на документот врз основа на кој е извршено запишувањето.

**(5)** Секторот за Избирачки список, за да го спроведе запишувањето, а врз основа на податоците на барателот, ќе побара од Министерство за внатрешни работи да достави фотографија на барателот во формат како на лична карта или патна исправа и причина зошто МВР не доставило податоци за наведеното лице.

**Член 24**

**б) Барање за бришење од Избирачкиот список**

**(1)** Барањето за бришење од Избирачкиот список се поднесува на посебен образец до Државната изборна комисија или до соодветно подрачно одделение или канцеларија на Државната изборна комисија според местото на живеење на подносителот на барањето.

**(2)** Во зависност од основот/причината за бришење, граѓаните кон барањето за бришење поднесуваат на увид : извештај за смрт или извод од матична книга на умрени, решение за отпуст од македонско државјанство донесено од страна на Министерството за внатрешни работи или решение за одземена деловна способност донесено од страна на основен суд кое се однесува на лицето за кое е поднесено барањето.

**(3)** Државната изборна комисија, односно подрачното одделение или канцеларија на Државната изборна комисија до која е поднесено барањето во рок од три дена од приемот на истото ќе ја провери точноста на податоците и приложените документи и ако утврди дека барањето е основано врз основа на веродостојна документација ќе донесе решение за бришење на лицето за кое се однесува барањето од Избирачкиот список.

**(4)** Решението со доставница се врачува на подносителот на барањето.

**(5)** По правосилноста на донесеното решение, подрачното одделение или канцеларија на Државната изборна комисија до која е поднесено барањето, податоците за бришење (со задолжително посочување на основот и документот за бришење) ги доставува на Образец ИС - 2 до Секторот за избирачки список, кој го спроведува бришењето на соодветното лице од Избирачкиот список.

**Член 25**

**в) Барање за дополнување/промена на податоци во Избирачкиот список**

**(1)** Барањето за дополнување/промена на податоци во Избирачкиот список се поднесува лично на посебен образец до Државната изборна комисија или до соодветно подрачно одделение или канцеларија на Државната изборна комисија според местото на живеење на подносителот на барањето.

**(2)**Граѓанинот кон барањето за дополнување/промена на податоци во Избирачкиот список приложува на увид важечка лична карта или патна исправа.

**(3)**Државната изборна комисија, односно подрачното одделение или канцеларија на Државната изборна комисија до која е поднесено барањето во рок од три дена од приемот на истото ќе донесе решение за дополнување/промена на податоци во Избирачкиот список.

**(4)**Решението со доставница се врачува на подносителот на барањето.

**(5)**По правосилноста на донесеното решение, подрачното одделение или канцеларија на Државната изборна комисија до која е поднесено барањето, податоците за бараните промени во Избирачкиот список ги доставува на Образец ИС- 3 до Секторот за избирачки список. При тоа во графата – вид на промена се заокружува бројот на кој се однесува промената и се пополнуваат со печатни букви новите податоци. Промената може да се однесува на промена на презиме, име и адреса (населено место, улица, куќен број, додаток, влез, стан).

**(6) Образец ИС. 3** преглед/список на граѓани запишани во Избирачкиот список за кои треба да се извршат промени на одредени податоци и ги содржи следните белези:

- презиме, име на еден родител и име,
- ЕМБГ,

- пол,
- вид на промена ,
- посочување на податокот за личната карта или патна исправа и датум на издавање,
- избирачко место и
- вид и број на документот врз основа на кој е извршена промената на податоците.

Во графата – вид на промена се заокружува бројот на кој се однесува промената и се пополнуваат со печатни букви новите податоци. Промената може да се однесува на промена на презиме, име и адреса (населено место, улица, куќен број, додаток, влез, стан).

**(7)** Секторот за избирачки список ги ажурира/спроведува промените во податоците на барателот. При тоа, ако се работи за промена на адреса на живеење, врз основа на адресните податоци му определува ново избирачко место кое е најблиску до местото на живеење.

**Член 26**

**(1)** Секторот за избирачки список еднаш месечно, врз основа на поднесените ИС обрасци од подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија, изготвува извештај за вкупниот број на поднесени барања од граѓани за запишување, менување и бришење податоци од Избирачкиот список.

**(2)** Доколку утврди дека податоците на одредени граѓани кои поднеле барања за запишување, промена или бришење требало да бидат ажурирани во податоците кои Министерството за внатрешни работи ги доставило до Државната изборна комисија, ќе побара од ова министерство објаснување за причините зошто овие податоци не биле ажурирани.

**Член 27**

## 3. Бришење по барање на политичка партија

**(1)**Политичка партија може да поднесе барање за бришење на лице/лица од Избирачкиот список кое по било кој основ го загубило избирачкото право. Барањето се поднесува писмено до Државната изборна комисија.

**(2)**Во прилог на барањето се доставуваат и податоци за лицето/лицата кои по било кој основ го загубиле избирачкото право(Име,Презиме,ЕМБГ).

**(3)**Државната изборна комисија врши проверка пред надлежните органи (Управа за водење на матични книги – во случај на смрт, Министерство за внатрешни работи – во случај на отпуст од македонско државјанство и основните судови – во случај на одземена деловна способност).

**(4)**Доколку се утврди дека лицето/лицата го загубиле избирачкото право, по обезбедување на соодветни докази (извештај за смрт или извод од матична книга на

умрени, решение за отпуст од државјанство или решение за одземена деловна способност), Државната изборна комисија донесува решение за бришење на лицето/лицата на кои се однесува барањето. Во спротивно ќе донесе решение со кое се одбива барањето.

**(5)**Решението се доставува до подносителот на барањето.

**(6)**По правосилноста на донесеното решение,Секторот за избирачки список, го спроведува бришењето на соодветното лице од Избирачкиот список.

## 4. Теренска проверка заради ажурирање на избирачкиот список

**Член 28**

**(1)**Теренската проверката на Избирачкиот список претставува збир на активности на непосредно прибирање, обработка и анализирање на податоци за државјани на Република Македонија со право на глас добиени врз основа на непосреден увид во нивните идентификациони документи и нивно споредување со податоците запишани во Избирачкиот список. Проверката нема за цел да цени и утврдува дали идентификационите документи на гласачите се издадени согласно позитивните законски прописи на Република Македонија и дали податоците во истите се точни.

**(2)** Во функција на ажурирање на Избирачкиот список, по службена должност, по барање на граѓани и политички партии, Државната изборна комисија преку правната служба, подрачните одделенија и канцеларии по претходно утврдена потреба и изготвен план, врши увид во базите на податоци и евиденции на граѓани на други органи и институции, како и теренска проверка.

**(3)Цели на проверката на Избирачкиот список**
Главни цели кои треба да се постигнат со проверката на Избирачкиот список се :

- Дефинирање на степенот на точноста и видот на евентуалните грешки во содржината на податоците во Избирачкиот список,
- Идентификување на природата и причините на евентуалните грешки

## 5. Ажурирање на Избирачкиот список во време на распишани избори или референдум

**Член 29**

**(1)**Постапката за ажурирање на податоците во Избирачкиот список по службена должност, по барање на граѓани и по барање на политичка партија во случај кога се распишани избори, односно референдум е идентична со постапката на тековно ажурирање опишана во овој Правилник.

**Член 30**

**(1) Министерството за внатрешни работи** наредниот ден од денот на распишувањето на изборите, односно референдум на магнетен медиум доставува до Државната изборна комисија податоци за граѓаните:

- со наполнети 18 години живот кои имаат важечка лична карта или патна исправа,
- со наполнети 18 години живот кои починале,
- со наполнети 18 години живот кои се доселиле или отселиле од определена општина или ја промениле адресата на живеење во општината.
- со наполнети 18 години живот кои го промениле името или презимето,
- со наполнети 18 години живот кои стекнале или го изгубиле државјанството на Република Македонија,
- со наполнети 18 години живот кои се на привремена работа или престој во странство.
-

**Член 31**

По добивањето на податоците од страна на Министесрtвото за внатрешни работи, Државната изборна комисија спроведува организационо-техничка и методолошка обработка на истите и согласно адресните податоци на граѓаите, автоматски ги определува нивните најблиски избирачки места.

**Член 32**

**Јавен увид**

**(1)**По спроведената организационо-техничка и методолошка обработка на податоците од Министерството за внатрешни работи, Државната изборна комисија најдоцна 15 ( 10 ) дена од денот на распишувањето на изборите, Избирачкиот список го става на јавен увид со сотојба на податоци за:

- граѓани со наполнети 18 години живот на денот на изборите,
- умрени лица 30 дена пред денот на распишување на изборите и
- другите податоци од Избирачкиот список на денот на распишувањето на изборите

**(2)**Барањата за запишување, промени на податоци и бришење на лица од Избирачкиот список поднесени во рамките на спроведениот јавен од страна на граѓаните, како и барањата поднесени од страна на политичките партии се спроведуваат на истиот начин како и при редовно ажурирање на Избирачкиот список.

**Член 33**

**Пријави за гласање во странство**

**(1)** Од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на јавниот увид, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Македонија кои се запишани во единствениот избирачки список, доставуваат пријава своерачно потпишана или испратена по електронска пошта до Државната изборна комисија со која се пријавуваат за гласање на претстојните парламентарни и претседателски избори за гласање во изборна единица 7.

**(2)**Државната изборна комисија по поднесените пријави одлучува во рок од 24 часа.

**(3)**Граѓаните чии поднесени пријави се основани се запишуваат во посбни изводи од Избирачкиот список за гласање во странство (ДКП, односно конзуларна канцеларија). Овие граѓани не се запишуваат во изводите од Избирачкиот список на кои се гласа во Република Македонија.

**Член 34**

**(1)Основните судови** доставуваат решенија/податоци за лица на кои со правосилно судско решение им е одземена или вратена деловната способност од последното редовно ажурирање на Избирачкиот список до денот на распишувањето на изборите, како и податоци за лицата на кои им е изречена мерка куќен притвор.

**(2)**Податоците/решенија Државната изборна комисија ги спроведува на истиот начин како и при редовно ажурирање на Избирачкиот список.

**(3)**Податоците за лицата на кој им е изречена мерка куќен притвор Државна изборна комисија ги доставува до Општинска изборна комисија согласно адресата наведена во решението на Судот.

**Член 35**

**(1)Министерство за труд и социјална политика** до Државната изборна комисија доставува податоци за полнолетните граѓани, кои согласно евиденцијата на ова Министерство се водат како внатрешно раселени лица, заради ажурирање и подготовка на посебните изводи од Избирачкиот список за време на распишани избори, односно референдум заради спроведување на гласање во прифатните центри.

**(2)**Овие лица не се запишуваат во изводите од Избирачкиот список според адресата на нивното живеење запишана во личните документи.

**Член 36**

**(1)Министерство за правда – Управа за извршување на санкции** најдоцна 30 дена пред денот определен за избори, односно референдум на државно ниво до Државната изборна комисија доставува податоци за полнолетните граѓани кои се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, заради ажурирање и подготовка на посебните изводи од Избирачкиот список за спроведување на гласање во казнено-поправните установи.

**(2)**Овие лица не се запишуваат во изводите од Избирачкиот список според адресата на нивното живеење запишана во личните документи.

**Член 37**

**(1)Заклучување на Избирачкиот список**
Државната изборна комисија Избирачкиот список во кој се спроведени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи и посебни изводи го заклучува најдоцна 15 дена, односно 10 дена при предвремени избори по завршениот јавен увид.

**(2)**Подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија пред заклучувањето на Избирачкиот список се должни да проверат дали промените кои произлегле од јавниот увид се спроведени и да ги потпишат изводите од Избирачкиот список за нивното подрачје.

**(3)** Државната изборна комисија го потпишува Избирачкиот список најдоцна 15 дена пред денот на изборите.

## 6. Преодни и завршни одредби

**Член 38**

Податокот во Избирачкиот список "лична фотографија" како дел од податоците кој ги содржи Избирачкиот список ќе биде содржан во Избирачкиот список доколу биде утврдено дека постојат технички услови за внесување на тој податок како дел од содржината на Избирачкиот список.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Александар Чичаковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА * СКОПЈЕ *

**Бр.** 01-302/1

02.02. **2016 година**